Врз основа на член 156, 157, 158, 159, 160 од Законот за здравствената заштита („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12,10/13, 87/13,164/13, 39/14, 43/14, 10/15,132/14,132/14,188/14,10/15,61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Согласноста за вработување од Министерството за финансии бр.04-37/2 од 23.02.2018 година, Одлука за објавување на јавен оглас бр.04-37/3 од 23.02.2012018 година од В.Д. директор на ЈЗУ Општа болница-Кочани, објавува,

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за вработување на 1(еден ) доктор специјалист по неврологија, 1 (еден) доктор специјалист по интерна медицина, 1(еден), доктор специјаалист по гинекологија и акушерство и 1 (едена) дипломирана медицинска сестра на неопределено време**

**1.**ЈЗУ Општа болница-Кочани има потреба за вработување на 1(еден ) доктор специјалист по неврологија, 1 (еден) доктор специјалист по интерна медицина, 1(еден) доктор специјалист по гинекологија и акушерство и 1 (една) дипломирана медицинска сестра,на неопределено време

**2.**Кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови** предвидени со Законот за здравствената заштита:
-да е државјанин на РМ,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност и
-да не му е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

**3.**Покрај со закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **-доктор специјалист по неврологија** треба да ги исполнуваат следните **посебни услови:**
-завршено високо образование (VII/1) или 240 кредити според ЕКТС - Медицински факултет
-положен стручен испит
-уверение за положен специјалистички испит по неврологија (VII/2)
-лиценца за работа по неврологија
-со и без работно искуство.

**4.**Покрај со закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **-доктор специјалист по интерна медицина** треба да ги исполнуваат следните **посебни услови:**
-завршено високо образование (VII/1) или 240 кредити според ЕКТС - Медицински факултет
-положен стручен испит
-уверение за положен специјалистички испит по интерна медицина (VII/2)
-лиценца за работа по интерна медицина
-со и без работно искуство.

**5.**Покрај со закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **-доктор специјалист по гинекологија и акушерство** треба да ги исполнуваат следните **посебни услови:**

-завршено високо образование (VII/1) или 240 кредити според ЕКТС - Медицински факултет
-положен стручен испит
-уверение за положен специјалистички испит по гинекологија и акушерство (VII/2)
-лиценца за работа по гинекологија и акушерство.
-со и без работно искуство.

**6**. Неделното работно време изнесува 40 часа. Основна нето плата за Доктор специјалист изнесува 35.700,оо денари.

**7**. Покрај со закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **дипломирана медицински сестри** треба да ги исполнува следните **посебни услови:**

- завршено високо образоваание (VI Б ) или 180 кредити според ЕКТС—факултет за медицински науки.
-со и без работно искуство.

**8**. Полно работно време – работа во смени. Основна нето плата за дипломирана медицинска сестра изнесува 26.800,оо денари.

**9.** Во прилог на пријавата кандидатите **за доктори специјалист по неврологија, доктор специјалист по интерна медицина и доктор специјалист по гинекологија и акушерство** се должни да ги достават следните документи:
-пријава со податоци за контакт
-кратка биографија (CV)
-Диплома со просечен успех
-уверение за државјанство на Република Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-лекарско уверение не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение дека не е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение за завршен медицински факултет, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение за положен стручен испит, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение за положен специјалистички испит,оригинал или фотокопија заверена на нотар
-лиценца за работа по специјалност, оригинал или фотокопија заверена на нотар.
- доказ за познавање на странски јазик (англиски, француски или германски).

**10**. Во прилог на пријавата кандидатите **за дипломирана медицински сестри** се должни да ги достават следните документи:
-пријава со податоци за контакт
-кратка биографија (CV)
-Диплома за завршен прв циклус на медицински студии со просечен успех или уверенијe за завршен прв циклус на медицински студии од сите години, во оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение за државјанство на Република Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар

-лекарско уверение не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение дека не е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност, оригинал или фотокопија заверена на нотар
-уверение за положен стручен испит, оригинал или фотокопија заверена на нотар.
-доказ за познавање на странски јазик (англиски, француски или германски)

**11.**Рокот за пријавување на јавниот оглас е **10 (десет) дена** од денот на објавувањето.

**12.**Ненавременaта, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

**13.** По извршената селекција на пријавените кандидати за доктор специјалист по неврологија, доктор специјалит по интерна медицина, доктор специјалист по гинекологија и акушерство и дипломирана медицински сестри, кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен квалификационен испит согласно член 160 од Законот за здравствената заштита.

**14.**Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се достават до ЈЗУ Општа болница-Кочани, ул.“Милан Зечар“ бр.21 тел.274-500 локал 127, по пошта или во архивата на ЈЗУ Општа болница-Кочани, , со назнака за Јавен оглас за вработување.

**ЈЗУ Општа болница-Кочани**
**ВД Директор,**
д-р.Борка Панова